Врз основа на член 52 од Законот за инвестициски фондови (Сл. весник на Република Македонија бр. 12/09, 67/2010; 24/2011; 188/2013; 145/2015; 23/2016; 31/2020; 150/2021; 288/2021) и член 53, став 2, точка 2 од Статутот на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови НЛБ Фондови АД Скопје, Одборот на директори на ден 20.08.2024 година, донесоа

**СТАТУТ на отворениот инвестициски фонд**
**НЛБ Топ Брендови**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се уредуваат правните односи на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови НЛБ Фондови АД Скопје (во натамошниот текст: Друштво за управување) со сопствениците на удели во отворениот инвестициски фонд НЛБ Топ Брендови (во натамошниот текст: Вложувачи или Сопственици на удели). Правната рамка, со која во Република Северна Македонија се уредува основањето и работењето на отворените инвестициски фондови и друштвата за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, издавањето и продажбата на удели, откупот на удели, промоцијата на инвестициските фондови, работите кои за инвестициските фондови ги извршуваат трети лица и работењето на депозитарната банка, ја претставуваат Законот за инвестициски фондови (во натамошниот текст: ЗИФ) и сите подзаконски акти, донесени врз основа на овој закон. За прашањата кои не се уредени со ЗИФ се применуваат одредбите на Законот за хартии од вредност, Законот за трговските друштва, Законот за стечај и Законот за општата управна постапка.

Член 2

Овој Статут ги уредува следните содржини: називот на фондот и видот на фондот; датум на основање на фондот, како и времето на траење на фондот; известување на сопствениците на удели, (начин и место каде можат да се добијат акти и информации за фондот); права од уделите; инвестициски цели и ризик од вложување и од структурата на фондот; најнискиот износ на вложување во фондот, начин на продажба и упис, како и начин на откуп на удели во фондот; начин и време на пресметка на нето вредноста на имотот на фондот; време, начин и зачестеност на пресметка на продажната цена при издавање на нови удели или откуп на удели, како и начин на објавување на цените; околности под кои може да дојде до прекин на продажба и откуп на удели; надомест и трошоци за издавање и откуп на удели; пресметка и исплата на дел од добивката на фондот; времетраење на фискална година; датум на донесување на статутот; податоци за Друштвото за управување и останати одредби.

## НАЗИВ И ВИД НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

Член 3

Полниот назив на овој фонд гласи: НЛБ Топ Брендови - отворен инвестициски фонд (во натамошниот текст: Фондот). Скратениот назив на Фондот гласи: НЛБ Топ Брендови о.ф. Називот под кој Фондот настапува во странство е: NLB Top Brands.

Член 4

Во однос на структурата, Фондот е основан како отворен инвестициски фонд и категоризира во групата комбиниран (основна категорија) и флексибилен (подкатегорија). Прибирањето на парични средства во Фондот се врши преку јавен повик за купување на удели од страна на заинтересираните инвеститори. Со средствата на Фондот управува Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови НЛБ Фондови АД Скопје, со седиште на бул. Партизански одреди бр.14А/1-2, Скопје-Центар (во понатамошниот текст: Друштво за управување), кое има добиено одобрение за основање од Комисија за хартии од вредност со Решение бр. 07-726/15 од 19.05.2008 година.
Депозитарна банка на Фондот е НЛБ Банка АД Скопје со седиште на бул. Водњанска бр 1, 1000 , Скопје, за која е добиено одобрение од Комисија за хартии од вредност со Решение бр. УП1 08-62 од 22.06.2021 година.

## ДАТУМ НА ОСНОВАЊЕ И ВРЕМЕ ЗА КОЕ Е ОСНОВАН ФОНДОТ

Член 5

Фондот е основан на неопределено време со добивање на одобрение од Комисијата за хартии од вредност, со Решение бр. УП 1 08-51 од 12.05.2014 година и е запишан во Регистарот на отворени

инвестициски фондови во Комисијата за хартии од вредност со следниот идентификациски број: 9110000000127.

**МЕСТО КАДЕ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЈАТ АКТИ, ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ, СТАТУТ, ПРОСПЕКТ И ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ФОНДОТ**

Член 6

Статутот и Проспектот, како и кварталните, полугодишните и годишните финансиски извештаи за работењето на Фондот, се објавени и можат слободно да се преземат од интернет страницата на Друштвото за управување, наведена во Проспектот (во натамошниот текст: официјална интернет страница). На официјалната интернет страница тековно се објавуваат и дополнителни информации за работењето на Фондот, односно: основните податоци за Фондот, нето вредност на Фондот, цената на уделот, структурата на вложувањата, прекин на откуп и исплата на удели, измени на Статут и Проспект на Фондот, ризиците од вложувањето, добиените резултати од пресметката на просечната стапка на принос, стандардната девијација и ризичната класа на Фондот, како и други објави, пропишани со закон или подзаконски акт.

Член 7

Сопствениците или потенцијалните сопственици на удели можат лично да се информираат за одреден аспект од работењето на Фондот на следниве начини:

- Во деловните простории на Друштвото за управување;
- На официјалната интернет страница;
- Преку On-line известување;
- Преку писмено известување;
- Со телефонски повик;
- Од реклами за работењето.

Постапката на информирање на сопствениците на удели е во зависност од избраниот начин на информирање.

Член 8

Сите информации поврзани со работењето на Друштвото и Фондот, инвестициската политика, информациите објавени во медиуми и слично, може да се добијат во седиштето на Друштвото на бул. Партизански одреди бр. 14А/1-2, Скопје-Центар, секој работен ден од 09 часот до 15 часот.

**МИНИМАЛЕН ИЗНОС НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПРИБЕРАТ ВО ФОНДОТ**

Член 9

Фондот започна со работа на 10.06 2014 година, со Решение број УП1 08-51 од 12.05.2014 година и во законскиот предвиден рок ги има исполнето сите законски предвидени услови. Нето износот на средствата на Фондот на денот на пресметка (20.08.2024 година) изнесува 836.055.736,45 денари.

**ПРАВА ОД УДЕЛИ**

Член 10

Правата од удели во Фондот се:

- Право на информираност;
- Право на дел од добивката на Фондот;
- Право на продажба на удели од Фондот, односно обврска за откуп на удели;
- Право на исплата на дел од ликвидационата маса на Фондот.

Правата од уделите во Фондот се стекнуваат со запишувањето во регистар на удели во Фондот што го води Друштвото за управување. (во натамошниот текст: Регистар на удели). Уписот на податоците во Регистарот на удели се врши после извршена уплата и издадена потврда за купување на удели, во согласност со одредбите од Проспектот. Сопствениците на удели имаат еднакви права во Фондот. Друштвото за управување е одговорно за водење на Регистарот на удели и е должно да ги чува на електронски медиум документите и податоците кои се однесуваат на сопствениците на удели. Податоците од Регистарот на удели, како и податоците за уплатите и исплатите, Друштвото за управување е должно да ги чува како деловна тајна и истите да ги соопштува само врз основа на судски налог, на барање на Комисијата за хартии од вредност, на барање на одделен сопственик на удели, како и на барање на депозитарната банка на Фондот. Друштвото за управување мора да обезбеди достапност на податоците содржани во Регистарот на удели, на начин што истовремено ќе го идентификува корисникот и ќе ја заштити тајноста на податоците. Друштвото за управување со податоците од Регистарот на удели постапува согласно Законот за заштита на личните податоци.

Член 11

Сопственоста на уделите во Фондот не можат слободно да се пренесува, освен по основ на наследство или договор за подарок. Таквиот пренос има правно дејство по запишувањето на преносот во Регистарот на удели од страна на Друштвото за управување. На барање на сопствениците на удели или на нивни овластен застапник/полномошник, Друштвото за управување е должно да им достави извештај за состојбата и за тргувањето со уделите во Фондот кои се во нивна сопственост.

## ОПИС НА ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ЦЕЛИ НА ФОНДОТ, НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ И РИЗИЦИТЕ ОД ВЛОЖУВАЊЕТО И ОД СТРУКТУРАТА НА ФОНДОТ

Член 12

Инвестициската цел на Фондот е зголемување на вредноста на имотот (пораст на капиталот), односно пораст на цената на уделот, гледано на долг рок. За реализација на поставената инвестициска цел, средствата на Фондот првенствено се вложуваат во портфолио на сопственички хартии од вредност од првокласни издавачи кои обезбедуваат стабилен дивиденден принос. Структурата на портфолиото се креира во согласност со дозволените вложувања и ограничувањата на вложувањата кои се предвидени со ЗИФ, подзаконските акти и Проспектот.

Бидејќи фондот е категоризиран како комбиниран фонд со подкатегорија-флексибилен фонд може да има до 100% изложеност во преносливи хартии од вредност на издавачи со седиште, односно претежна дејност која се врши на територијата на државите кои се членки на ЕУ, ОЕЦД или ЦЕФТА или чии регулирани пазари на хартии од вредност се членки на Светската федерација на берзи WFE - www.world-exchanges.org. Вложувањата и структурата на портфолиото на Фондот содржат средно до високо ниво на ризик, кое е карактеристично за акциските фондови, бидејќи сопственичките хартии од вредност се карактеризираат со повисока волатилност (можност за зголемување или намалување) на нивната вредност. Доколку се појави нестабилност на пазарите, Друштвото може да ја намалува изложеноста кон преносливи хартии од вредност и портфолиото да го прилагоди согласно ново настанатите ситуации во парични средства или депозити.

Од друга страна, согледано на долгорочен период, повисокиот инвестициски ризик создава потенцијал за остварување на повисока стапка на принос во однос на останатите поконзервативни вложувања. Стапката на принос од вложувањето на Фондот може да зависи од дејството на пазарен, каматен, кредитен, ликвиден, валутен, политички, оперативен ризик, ризик од промена на даночни прописи, инфлација, ризик од друга договорна страна. Инвестициските цели, инвестициската политика, планираната структура на портфолиото, ризиците кои директно или индиректно влијаат на резултатите на Фондот, како и техниките со кои Друштвото за управување ги менаџира овие ризици се поблиску пропишани со Проспектот.

Член 13

При вложувањето на средствата на Фондот, а со намера остварување на поставените цели и инвестициска политика, се земаат предвид принципите на диверзификација на ризикот од вложувањето, профитабилност, ликвидност, совесност, професионалност и постапување со внимание на добар стопанственик, транспарентност, заштита на интересите на вложувачите, доверливост и тајност на податоците и непристрасност и неутралност.

## НАЈНИЗОК ИЗНОС НА ВЛОЖУВАЊЕ ВО ФОНДОТ, НАЧИНИ НА УПИС И ОТКУП НА УДЕЛИТЕ

Член 14

Најнискиот износ на вложување во Фондот се дефинира во зависност од видот на уплатата, со цел купување на удели, како што следува:

- При еднократни уплати износот не е ограничен
- 500 денари при уплати врз основа на склучен програмиран план.

Член 15

Купувањето на удели се врши исклучиво со уплата на парични средства, со што купувачот на удели заснова договорен однос со Друштвото за управување, кое се обврзува дека со уплатените парични средства ќе управува како со дел од заедничкиот имот на Фондот, во согласност со условите назначени во Проспектот.

Куповните трансакции се реализираат врз основа на уредно пополнет Договор за вложување - Пристапница, како и Барање за купување на удели, во кое се содржани податоци за видот и износот на уплатата. Во случај на пренос на уделите по основ на наследство или договор за подарок, сопственоста над уделите се стекнува по запишувањето на преносот во Регистарот на удели од страна на Друштвото за управување. Постапката и условите за пристапувањето во Фондот,

поднесување на барање за купување на удели, уплатата на парични средства и издавањето на потврда за купување и сопственост на удели се поблиску пропишани со Проспектот.

Член 16

Продажба на уделите кои се поседуваат се извршува со поднесување на барање за делумен или целосен откуп до Друштвото за управување. Средствата од откупот на уделите се исплатуваат на сметка на сопственикот на откупените удели во рок од седум календарски дена од приемот на барањето за откуп, освен во случај на пренос на средствата од откупот на сметката на друг фонд со кој управува Друштвото за управување, по налог на сопственикот на уделите, а во согласност со одредбите од Проспектот. Постапката и условите за поднесување на барање за откуп, исплата на паричните средства и издавање на потврдата за откуп на удели се поблиску пропишани со Проспектот.

**ИМЕ НА ДРЖАВАТА, ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ИЛИ МЕЃУНАРОДНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ЧИИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТИ ЌЕ СЕ ВЛОЖУВА ПОВЕЌЕ ОД 35% ОД ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД**

Член 17

Инвестицискиот фонд ќе вложува повеќе од 35% од имотот во следниве држави:

- Република Северна Македонија
- Држави во Европа кои се членки на ЕУ, ОЕЦД или ЦЕФТА
- Држави надвор од Европа чии регулирани пазари на хартии од вредност се членки на Светската федерација на берзи WFE - www.world-exchanges.org

Член 18

Фондот не реплицира пазарен индекс.

**НАЧИН И ВРЕМЕ НА ПРЕСМЕТКА НА НЕТО ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ**

Член 19

Нето вредноста на имотот на Фондот на денот на вреднување ја претставува вкупната вредност на средствата/имотот на фондот намалена за обврските на фондот на истиот ден. Имотот на Фондот на денот на вреднување претставува збир на вредноста на сите видови на средства кои со ЗИФ се пропишани како дозволени вложувања и кои се во согласност со ограничувањата за вложување на средствата на Фондот. Нето вредноста на имотот на Фондот на денот на вреднување се пресметува врз основа на пазарните вредности на хартиите од вредност и депозитите во финансиските институции и други имотни вредности на Фондот, со одземање на обврските на Фондот на истиот ден.

Член 20

Цената на уделот во отворениот инвестициски фонд се пресметува на начин што нето вредноста на имотот на фондот ќе се подели со вкупниот број на удели на денот на вреднување. Ден на вреднување е денот за кој се пресметува нето вредноста на имотот на Фондот. Денот на вреднување (т-1) му претходи на денот на пресметка (т) во текот на кој што се пресметува нето вредноста на имотот на Фондот.

Член 21

Нето вредноста по удел и вкупниот број на удели на Фондот се пресметува и изразува во четири децимални места. Сите зголемувања и намалувања на бројот на удели во Фондот се пресметани и изразени во четири децимални места.

Член 22

Нето вредноста на имотот на Фондот и цената на удел се пресметува секој работен ден до 16:00 часот за секој ден од годината.

Член 23

Пресметувањето на нето вредноста на имотот на Фондот и пресметувањето на цената на удел се врши согласно Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на цената по удел или по акции во инвестицискиот фонд, донесен од страна на Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

**ВРЕМЕ, НАЧИН И ЗАЧЕСТЕНОСТ НА ПРЕСМЕТКА НА ПРОДАЖНАТА ЦЕНА ПРИ ИЗДАВАЊЕТО НА НОВИ УДЕЛИ И ОТКУПНАТА ЦЕНА ПРИ ОТКУПОТ НА ПОСТОЈНИ УДЕЛИ**

Член 24

Друштвото за управување секој работен ден за претходниот ја пресметува нето вредноста по удел на Фондот, а ја контролира и потврдува депозитарната банка која истовремено е одговорна и за точноста на пресметките кои се доставуваат до Комисијата. Пресметковна валута на Фондот, во која се објавуваат цените за продажба или откуп на уделите е македонскиот денар (MKD).

Член 25

Цената за продажба на новите удели или откуп на постојните е еднаква на нето вредноста на имотот на Фондот по удел. Цената на уделот може да варира зависно од промената на нето вредноста на имотот на Фондот.

Член 26

Продажбата и откупот на уделите од отворените инвестициски фондови се врши во текот на денот по цена која во времето на извршување на барањата за купување и откуп не е одредена. Вкупниот број на удели на Фондот на денот на вреднувањето се утврдува со намалување на бројот на удели од претходниот ден на вреднување кои Фондот ги повлекол за сметка на лицата кои на денот на вреднувањето поднеле барање за откуп на уделите во Фондот и со тоа престанале да бидат сопственици на уделите, а се зголемува за бројот на удели кои Фондот ги издал на лицата чии средства на денот на вреднувањето се евидентирани на сметката на Фондот со цел за купување на удели во Фондот, а се во согласност со условите во Статутот и Проспектот на Фондот.

Член 27

Продажбата и откупот на удели во Фондот се врши во текот на денот по цена која во времето на извршување на барањата за купување/барањата за откуп/барање за пренос не е одредена. А таа се врши по цена која е утврдена следниот работен ден. Барањата за продажба, барањата за откуп на удели, како и Барањата за пренос на удели во Фондот кои се примени во неработен ден, Друштвото ќе ги пресметува по цената на уделите од првиот нареден работен ден.

## НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УДЕЛИТЕ

Член 28

На интернет страницата на Друштвото за управување секој ден се објавуваат дневната цена на уделот, како и архивата на историските цени. Утврдената цена на уделите во Фондот се објавува секогаш кога е извршено купување или продажба на удели. Во отсуство на купување или продажба на удели во Фондот, објавувањето на цената на уделите мора да се изврши најмалку два пати месечно. Друштвото за управување е должно да овозможи податоците за објавената цена на уделот да им бидат бесплатно на располагање на секој вложувач или потенцијален вложувач во Фондот, кога истите ќе ги побараат.

## ОКОЛНОСТИ ПОД КОИ МОЖЕ ДА ДОЈДЕ ДО ПРЕКИН НА ПРОДАЖБАТА И ОТКУПОТ НА УДЕЛИ

Член 29

Заради заштита на интересите на постоечките и потенцијалните сопственици на удели во Фондот како и заради неможност да се утврди точната цена на имотот од портфолиото на Фондот од страна на Друштвото за управување и депозитарната банка, прекин и продолжување на продажбата и откупот на удели во Фондот може да покрене Друштвото за управување и Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

Член 30

Прекин на продажбата и откупот на удели во Фондот може да настане и кога во рок од еден ден се доставаат барања за откуп на удели од Фондот во износ поголем од 10 % од вредноста на имотот на Фондот, а Фондот во законски пропишаниот рок не е во можност да ги реализира барањата. Друштвото за управување веднаш, не подоцна од 24 часа по констатирањето дека не може да ја утврди точната цена на имотот од портфолиото на Фондот, до Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија доставува барање за добивање согласност на прекин на продажба и откуп на удели на Фондот. Истовремено, Друштвото за управување објавува известување за прекин на продажба и откуп на удели на Фондот согласно ЗИФ и на неговата официјална интернет страница, по добивањето на согласност од Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија. Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија веднаш по доставувањето на пријава со барање за добивање согласност на прекин на продажба и откуп на удели на Фондот, врши објавување на информација на нејзината официјална интернет-страница.

Член 31

Прекин на издавање и откуп на удели, Друштвото за управување може да го изврши по добивање на согласност од страна на Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија и за

истиот писмено ќе ги извести сопствениците на удели и ќе го објави во најмалку два дневни весника во Република Северна Македонија. Привремен прекин на издавање и откуп на удели може да настане и доколку Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија се стекне со сознанија или има оправдани причини за сомнеж дека на сопствениците на удели им се нанесува штета поради неточна пресметка на цените на уделите во Фондот.

Член 32

Прекинот на издавање и откуп ќе заврши откако Друштвото за управување и Депозитарната банка ќе оценат дека е можно да се одреди точната цена на имотот на портфолиото на Фондот, а најдоцна во рок од 28 дена од почетокот на прекинот, освен ако Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија не се согласи за продолжување на назначениот рок. Известувањето за продолжување на издавањето и откупот на удели во Фондот ќе се објави во најмалку два дневни весници во Република Северна Македонија.

Член 33

За времето додека трае прекинот на издавање и откуп на удели, Друштвото за управување ќе продолжи со прием на барања за купување или откуп на удели, кои ќе се реализираат по завршувањето на прекинот на откупот или продажбата на уделите. Додека трае прекинот на сите налогодавачи ќе им се стави на знаење дека барањата за купување и откуп на удели нема да бидат извршени во роковите предвидени со Проспектот.

Член 34

Во случај на процентна промена на цена на удел на Фондот за повеќе од 1% Друштвото за управување е должно без одложување да направи проценка на фер вредноста на преносливите хартии од вредност и инструментите на пазарот на пари согласно Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на цената по удели или по акции во инвестицискиот фонд. Во случај проценката да неможе да биде направена во предвидениот рок, Друштвото за управување е должно да го прекине издавањето и откупот на удели се додека проценката не биде изработена.

**ОПИС НА ИЗНОСОТ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ДОЗВОЛЕНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОТКУП НА УДЕЛИ**

Член 35

Надоместоци и трошоци кои се наплатуваат од инвеститорите во Фондот се:

- влезен надоместок, кој се одбива од износот за уплата во моментот на продажба на уделите;
- излезен надоместок, кој се одбива од нето вредноста на имотот на Фондот по удел во моментот на откуп;
- трошоци за печатење на обрасци за запишување на удели; и
- други оперативни трошоци, утврдени со Статутот и Проспектот.

Трошоците за печатење на обрасци за запишување на удели нема да се пресметуваат и наплатуваат. Овие трошоци се на товар на Друштвото за управување. Други оперативни трошоци утврдени со Статутот и Проспектот на Фондот ги содржат оперативните трошоци кои може да произлезат во текот на работењето на Фондот, а не се предвидени ниту споменати во другите видови на трошоци. Тие трошоци би можеле да бидат трошоци за поштенски пратки кои ќе произлезат доколку инвеститорот се изјасни за испраќање на писмени известувања преку различен вид на пошта (препорачана пратка, користење на услугите брза пошта и слично). Доколку произлезат вакви трошоци, истите ќе бидат наплатени од инвеститорот во висина на стварните трошоци. Зависно од влијанието на надоместот за управување, кој се исплаќа на годишно ниво, ќе зависат и трошоците за управување и работа, односно ќе се одрази врз идните приходи на вложувачите. Висината, карактеристиките, начинот на пресметка и износите на секој од наведените надоместоци е поблиску пропишана со Проспектот.

**ГОДИШНИ НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И РАБОТА КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД И ОПИС НА НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИДНИТЕ ПРИХОДИ НА ВЛОЖУВАЧИТЕ**

Член 36

Надоместокот за управување на Друштвото за управување, за вршење на работите на управување со имотот на Фондот, се наплатува на товар на Фондот. Друштвото за управување наплатува надоместок за управување од основицата која ја сочинува вкупната вредност на имотот на Фондот, која се намалува за износот на обврските на Фондот врз основа на вложувањата во финансиски инструменти. Висината на надоместокот е пропишана во Проспектот. Друштвото за управување го

наплатува надоместокот за управување еднаш месечно, како збир на сите дневни вредности на надоместок за месецот на кој што се однесува пресметката.

Член 37

Надоместокот на депозитарната банка, за вршење на активноста банка чувар на имотот на Фондот, се наплатува на товар на Фондот. Друштвото за управување ѝ исплаќа надоместок на депозитарната банка како процент од основицата која ја сочинува вкупната вредност на имотот на Фондот која се намалува за износот на обврските на Фондот врз основа на вложувањата во финансиски инструменти. Висината на надоместокот на депозитарната банка е пропишана со депозитарниот договор, склучен помеѓу Друштвото за управување и депозитарната банка и истата се објавува во Проспектот. Надоместокот за депозитарната банка се исплаќа еднаш месечно, како збир на сите дневни вредности на надоместок за месецот на кој што се однесува пресметката. Друштвото за управување, од имотот на Фондот, на депозитарната банка исто така ќе ѝ плаќа трошоци за отворање и водење на сметки за парични средства и сметки за хартии од вредност во Република Северна Македонија и во странство кај суб-депозитарот, трошоци за суб-депозитарот, трошоци за застапување на собрание на акционери, трошоци за издавање на полномошна и други стварни трошоци.

Член 38

Надоместокот на Комисија за хартии од вредност за надзор на Друштвото за управување и Фондот, се наплатува на товар на Фондот. Висината на надоместокот на Комисија за хартии од вредност е пропишана со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност. Надоместокот за Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија се исплаќа еднаш месечно, како збир на сите дневни вредности на надоместок за месецот на кој што се однесува пресметката.

Член 39

Трошоците во врска со купопродажба на имот на Фондот може да бидат трошоци за брокерски прозивии, берзанска такса, такса за Централен депозитар за хартии од вредност, даноци, трошоци поврзани со порамнување на трансакции и слични трошоци се наплатуваат од имотот на Фондот.Износот на овие трошоци е во висина на стварните трошоци кои произлегуваат од договорите и тарифниците на релевантните инсистуции. Трошоците за купување и продавање се разликуваат во зависност од типот на хартиите од вредност и големината на налогот.

Член 40

Други трошоци кои може да бидат наплатувани на товар на Фондот се:

- Трошоци за водење на Регистарот на удели, вклучувајќи и трошоци за издавање потврда за трансакција или состојба на удели, како и трошоци за исплата на уделот во добивката;
- Трошоци за годишна ревизија;
- Трошоци за изработка, печатење и поштарина на полугодишни и годишни извештаи за сопствениците на удели;
- Трошок за исплата на данокот на имот и добивка на Фондот; и
- Трошоци за објава на Проспектот и други пропишани објави.

Висината на секој од овие трошоци е во противвредност на реално остварените трошоци од работењето на Фондот, кои произлегуваат од законска или подзаконска регулатива, договорни одредби или тарифници на релевантните институции. Горенаведените трошоци од точка 1, 3 и 5 нема да се наплатуваат од имотот на Фондот.

## НАЧИН НА ПРЕСМЕТКА И ИСПЛАТА НА ДЕЛ ОД ДОБИВКАТА НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА УДЕЛИ

Член 41

Добивката од вложувањето, која се утврдува во ревидираните финансиски извештаи на Фондот, во целост им припаѓа на сопствениците на удели, сразмерно на нивното учество во имотот на Фондот. Приходите од инструментите во кои се вложени средствата на Фондот, како што се каматни приходи, капитални добивки и позитивни курсни разлики, не им се исплатуваат директно на сопствениците на удели, туку автоматски се реинвестираат во Фондот, со цел да се зголеми вредноста на уделот. Сопствениците на уделите се изјаснуваат за согласност за реинвестирање на добивката со потпишување на Договор за вложување – Пристапница. Добивката на Фондот се објавува во ревидирани годишни извештаи и целосно им припаѓа на инвеститорите на Фондот. Целокупната добивка се реинвестира. Добивката на Фондот е сразмерна на нивното учество во имотот на Фондот, а инвеститорите ја реализираат добивката на тој начин што делумно или во целост ги откупуваат своите удели во Фондот, во согласност со одредбите од Проспектот. Правото на учество во добивката претставува разлика помеѓу продажната цена на уделите и набавната (куповната) цена.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ГОДИНА**

Член 42

За фискална година на Фондот се смета периодот од 12 месеци, кој започнува на 1 (први) јануари и завршува на 31 (триесет и први) декември.

**ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ**

Член 43

Називот на Друштвото за управување гласи: Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови НЛБ Фондови АД Скопје. Скратениот назив на фирмата гласи: НЛБ Фондови АД Скопје. Во надворешниот промет Друштвото за управување ќе настапува под фирмата испишана на латинично писмо. Седиштето на Друштвото за управување е во Скопје, на бул. Партизански одреди бр. 14А/1-2, Скопје- Центар. Матичен број на Друштвото за управување е 6364578.

Член 44

Друштвото за управување е основано на ден 31.01.2008 година на неопределено време Приоритетна дејност на Друштвото за управување согласно Националната класификација на дејноста е: 66.30 – Дејности на управување со фондови.

Член 45

Друштвото за управување е основано и работи согласно Решението за давање одобрение за основање, под број 07-726/15 од 19.05.2008 година, Решението за дополнување на предметот на работење со дејноста „управување со средства за сметка на индивидуален клиент – сопственик на портфолио и инвестиционо советување" под број УП1 08-130 од 18.12.2020 година, издадени од Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

Член 46

На ден 02.06.2008 е упишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со деловоден број 30120080050590 на ден 02.06.2008 година. Друштвото за управување е одговорно за вршењето на дејноста на управување со Фондот, во согласност со одредбите на ЗИФ, Статутот и Проспектот. Друштвото за управување одговара за штетата причинета на сопствениците на удели за делување спротивно на одредбите на ЗИФ, Статутот и Проспектот. Друштвото за управување со целокупниот свој имот одговара за правните работи склучени во свое име и за сметка на сопствениците на удели.

**ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТАТУТОТ**

Член 47

Овој Статут влегува во сила од денот на донесување, а ќе се применува по добивање согласност од страна на Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија. Со донесувањето на овој Статут престанува да важи претходниот Статут на отворениот инвестициски фонд Генерали Топ Брендови.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 48

За сè што не е регулирано со овој Статут ќе се применуваат одредбите од ЗИФ и другите законски и подзаконски прописи.

Лазе Камчев

Главен извршен член на Одбор на директори

______________________

Весна Каркинска

Извршен член на Одбор на директори

______________________

Лука Подлогар

Претседател и неизвршен член на Одбор на директори

______________________

Блаж Брачиќ
Неизвршен член на Одбор на директори

______________________

Марјан Кочовски
Неизвршен и независен член на Одбор на директори

_____________________